# ЦРНА КНИГА

## проблеми, барања и иницијативи на граѓаните од општините Штип и Карбинци

**ЦРНА КНИГА**

Автор: *Андон Мајхошев*

Тираж: *1000 примероци*

Печати: *"2-ри Август" Штип*

Издавач: *Сојуз на синдикати на Македонија*

*Регионална синдикална организација Штип*

***Издавањето на оваа книга е поддржано од Американскиот центар за меѓународна работничка солидарност - Канцеларија во Скопје.***

CIP-Каталогизација во публикација
НУ-Библиотека "Гоце Делчев" - Штип

316.653(497.7)

МАЈХОШЕВ, Андон

Црна книга : проблеми, барања и иницијативи на граѓаните од Општините Штип и Карбинци / Андон Мајхошев.-Штип : ССМ Регионална синдикална организација Штип. - (Штип : 2-ри Август). - 72 стр. ; 20 см

# Содржина

Вовед .......................................................... 5

Стечајни работници ................................................ 8

Технолошки вишок .................................................. 24

Текстилни работници ............................................... 33

Невработени ....................................................... 41

Пензионери ........................................................ 43

Вработени во приватни претпријатија,
самовработени ..................................................... 48

Вработени во јавни претпријатија и институции .. 55

Други ............................................................. 61

Структура на примерокот ........................................... 62

Заклучок .......................................................... 66

Проблеми .......................................................... 67

Барања-иницијативи ................................................ 69

## Вовед

Идејата за црната книга се роди спонтано, на 27 јануари 2005 година, кога една мала група на граѓани од Штип, незадоволни од својот социјален статус дојде во Регионалната синдикална организација - Штип за да потпишат петиција специјално изготвена против кратењето на работничките права, како дел од кампањата на ССМ околу новиот Закон за работни односи. Еден од граѓаните дојде на идеја да се отвори тетратка во која обичните граѓани ќе можат да ги запишуваат своите проблеми и ставови во поглед на нивната социјална положба, проблемите на работното место, економската ситуација во државата итн. Оваа тетратка за граѓаните претставува едно од ретките места каде можат да го изразат својот гнев и незадоволство поради натрупаните социјални проблеми, а воедно им дава и надеж дека некој за нив ќе прочита и ќе им помогне.

Иницијаторите на идејата инсистираа да се потпишуваат во црна тетратка, со образложение дека црната боја на кориците ќе соодветствува со тежината на нивните проблеми и тегобноста на нивниот живот. Претседателот на Регионалната синдикална организација излезе во пресрет на предлозите на граѓаните и ја отвори црната тетратка, која со текот на времето предизвика голем интерес кај граѓаните од општините Штип и Карбинци. Интересот се прошири и на новинарите од локалните и државните медиуми, кои речиси секојдневно доаѓаа во Регионалната синдикална организација за да најдат инспирација за своите

текстови од ставовите, предлозите, социјалните проблеми и воопшто животните приказни на обичниот граѓанин.

Страниците на црната книга се пополнети од граѓани кои припаѓаат на најразлични општествени, професионални и статусни групи (работници во јавен и приватен сектор, невработени, стечајни работници, оние прогласени за технолошки вишок, пензионери итн.), како и од различни возрасти и националности. Нивните ставови се однесуваат на актуелните општествено-економски, социјални и политички состојби во државата и се израз на сé она што за нив претставува пречка во остварувањето на подобра егзистенција и поквалитетен живот. Тие истовремено претставуваат и јавна порака на граѓаните испратена до надлежните институции (влада, министерства, инспекторат за труд, синдикат итн.) и до нивните сограѓани за проблемите со кои се соочува обичниот човек во Македонија, но и за начините на кои овие проблеми би можеле да се разрешат. Најголемиот дел од овие луѓе ретко кој ги има запрашано како живеат, како се чувствуваат и какви се нивните видувања за иднината. Поради тоа, за нив едноставното ислушување и констатирање на проблемите претставува еден вид на помош и е почеток од кој треба да се појде со цел да се променат некои работи.

Оваа брошура претставува обид за директно запознавање на надлежните институции со ставовите и иницијативите на граѓаните, и има за цел да ја разбуди совеста на државните органи за проблемите со кои се соочува обичниот граѓанин при обидите да се вработи, на работното место, при пензионирањето, ликвидирањето на компанијата во која работел во текот на целиот работен век итн.

Искажувањата на работниците за нивната социјална положба во т.н. црна книга всушност претставува нов метод на синдикална борба, а

синдикатот од идеите на граѓаните може да црпи идеи за неговите следни активности.

Изјавите се прибирани од 27 јануари до 27 април и се дадени во изворна форма, со цел да се зачува нивната автентичност. Направени се само минимални измени во поглед на правописот и граматичките структури. Извршена е минимална селекција со цел да се задржи акцентот на социјалната димензија на изјавите и да се намали повторливоста. Поради тоа, иако вкупниот број на искажувања е 147, во оваа брошура се вклучени 102 од нив. Иако некои од оригиналните изјави содржат имиња на претпријатија и личности, тие информации не се вклучени за да се избегне можноста од етикетирање и потенцијалните негативни последици.

Важно е да се нагласи дека ставовите искажани во оваа брошура не се одраз на ставовите на сите жители од регионите Штип и Карабинци, туку само на оние кои на доброволна основа решиле да дојдат во Регионалната синдикална организација - Штип и да се потпишат. Според тоа, очекувано беше најголемиот број од потписниците да бидат припадници на социјално најзагрозените групи.

Исказите се групирани според социјалниот статус на нивните потписници, според што тие се поделени во седум групи: стечајни работници, технолошки вишок, невработени, пензионери, текстилни работници, вработени во јавни претпријатија и институции, вработени во приватни претпријатија и други (кои не припаѓаат на ниту една од овие категории). Дел од овие категории меѓусебно се преклопуваат, на пример: текстилните работници се воедно и вработени во приватниот сектор, стечајните работници се истовремено и невработени итн., но при поделбата се водеше сметка и за специфичноста на проблемите на конкретните групи.